...НИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
...ПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
...ËR MENAXHIM ME KRIZA
04-2358/5
...20___год.
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) и член 21 од Законот за работни односи ("Сл.весник на Р.М "бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12 , 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), а во врска со објавениот Јавен оглас во дневните весници „Слободен печат" и „Лајм", Директорот на Центар за управување со кризи, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по основ на вработување на определено време

**Дејан Митковиќ** врз основа на Јавен оглас број 03/2023 објавен на ден 21.09.2023 година во дневните весници „Слободен печат" и „Лајм", се вработува во Центар за управување со кризи на работно место: Самостоен референт за криптозаштита, административно и оперативно- технички работи за Регонален центар за управување со кризи Гази Баба, во Подрачно одделение - Регионален центар за управување со кризи Гази Баба, во Сектор за операции и координација.

По потпишување на Одлуката за извршен избор директорот на Центар за управување со кризи ќе потпише Договор за вработување на определено време на именуваното лице во Центар за управување со кризи.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

По добивањето на согласноста од Министерството за финансии за вработување на 28 извршители на определено време, Центарот за управување со кризи на ден 21.09.2023 година објави оглас за вработување на 1 (еден) извршител на определено време (до 31.12.2023 година). По разгледување на апликацијата на пријавениот кандидат за објавеното работно место по огласот, за спроведување постапка за засновање на работен однос на определено време, Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време направи увид и проверка на документацијата на кандитатот согласно оштите услови предвидени во Законот за работни односи и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работни места на Центарот за управување со кризи и состави Записник од извршена селекција по јавен оглас на определено време број 03/2023, заверен со архивски број 04-2358/4 од 27.09.2023 година. Комисијата за водење на

постапка за вработување на определено време спроведе интервју на ден 28.09.2023 година со кандидатот кој ги исполнува предвидените услови.

Врз основа на доставениот Записник и сроведеното интервју од страна на Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време, Директорот на Центар за управување со кризи го избра кандидатот **Дејан Митковиќ** на работно место Самостоен референт за криптозаштита, административно и оперативно- технички работи за Регонален центар за управување со кризи Гази Баба, во Подрачно одделение - Регионален центар за управување со кризи Гази Баба, во Сектор за операции и координација.

**ДИРЕКТОР**

**Стојанче Ангелов**

Доставено до:

- Именуваниот
- Персонално досие
- Архива